SKOVIN
Winery



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СКОВИН АД

# ЗА 2017 ГОДИНА

**Вовед**

Сковин АД Скопје во 2017година откупи 3.134.860 килограми грозје. Од сопствените лозови насади Сковин АД Скопје имаше задоволителна берба, иако послаба од минатогодишната, односно беа набрани 2.380.840 килограми грозје. Вкупно беа преработени 5.515.700 килограми, од кои беше добиено наливно вино од 4.257.400 литри, со рандман од 77,2%.
Асталско грозје беше набрано 85.195 килограми на две локации Сопот и М.Сушица и целата количина беше продадена во сопствени продавници и во другата трговска мрежа во земјата.

Во продолжение се активностите на поединечните сектори на СКОВИН АД:

**Извештај за Сектор лозарство**

**Р.Е Маркова Сушица**

Во 2017 год. е производено грозје со количина од 1.744.960 кг од кои :

винско : 1.684.971 кг.

асталско : 59.979 кг.

**Р.Е Сопотско поле**

Во 2017 год. е произведено грозје со количина од 251.640 кг од кои :

винско : 226.424 кг

асталско : 25.216 кг

**Р.Е Сирково**

Во 2017 год. е набрано грозје со количина од 384.240 кг.

**Извештај за продажба**

Од реколтата 2017 година Сковин АД започна со испораки на наливно вино во почетокот на 2018 година. Испорките се одвиваат согласно склучените договори со сталните купувачи, но се бараат и нови пазари кои ќе понудат подобри усолови.
Извозот е насочен кон земјите од Балканот, ЕУ, Русија и Јапонија.
Бидејки оваа година на пазарот има намалена понуда на вино, поради лошите временски услови, продажбата се одвива во поповолни услови.
Како наша предност при продажбата е квалиетот на виното кој го нудиме оваа година.

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ на СКОВИН АД Скопје за 2017 година**

| **во илјади денари** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 210,326 | 238,137 |
| Останати оперативни приходи | 4,150 | 9,423 |
| Финансиски приходи | 184 | 833 |
| **Вкупно приходи** | **214,660** | **248,393** |
| Промена на вредноста на залихите на готовите производи и производството во тек | -3,822 | 26,561 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | -78,026 | -135,973 |
| Трошоци за вработените | -37,136 | -39,417 |
| Амортизација | -13,089 | -13,961 |
| Набавна вредност на продадени стоки и матер. | -12,468 | -12,495 |
| Останати оперативни расходи | -58,514 | -63,055 |
| Финансиски трошоци | -11,093 | -9,402 |
| **Вкупно трошоци и расходи** | **-210,326** | **-274,303** |
| **Добивка пред оданочување** | **512** | **651** |
| Данок на добивка | -238 | -346 |
| **Добивка по оданочување** | **274** | **305** |

Од вкупно остварените приходи од продажба во 2017година 74.540 илјади денари или се остварени од продажба на домашен пазар, а 135.786 илјади денари се остварени од продажба на странски пазари. Вкупните приходи од продажба во 2017 година се помали за 23% во однос на вкупните приходи од продажба остварени во 2016 година.

Кај оперативните расходи Сковин АД бележи намалување од 25% во однос на 2016 година, односно во 2017 година се 199.232 илјади, а во 2016 година изнесувале 264.901 илјада денари, пред се поради намалени откупени количини на грозје , но и тенденција на намалување поголем дел од трошоците.

Одборот на директори во Сковин АД е во состав од 4(четири ) члена , од кои 3(три) члена се неизвршни , а еден е извршен член.

Извршниот член е во работен однос во Сковин АД Скопје од 01.2015година и по основ на плати и надоместоци на плати му е исплатено 1.173.841,00 денари во бруто износ, а по основ на осигурување и други права (регрес за годишен одмор) во извештајната година му е исплатено 10.132,00денари во бруто износ.

По основ на членство во управување на други друштва на извршниот член на Одборот на директори во извештајната година му е исплатено 271.108,00 денари.

Останатите членови на одборот на директори немаат статус на вработени лица во Сковин АД и друштвото нема исплатено надоместоци по основ учество во органите на управување.

Скопје, 17 април 2017

Извршен директор

Тодор Сејзов

Друштво за земјоделско-сточарско производство, преработка и промет на големо и мало СКОВИН АД увоз-извоз 3 Скопје